Врз основа на член 375 од ЗТД член 60 и член 62 од Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Кавадарци, Надзорниот Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци на седница одржана на ден 07.06.2023 година ја донесе следната:

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0203-1055/2
07.06 2023 год.
КАВАДАРЦИ

# ОДЛУКА

за констатирање престанок и отповикување на член на Управниот одбор и Генерален директор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

1. СЕ КОНСТАТИРА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА И СЕ ОТПОВИКУВА ЧЛЕНОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци на РАДОШ ВУКИЌЕВИЌ.

2. СЕ КОНСТАТИРА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА И СЕ ОТПОВИКУВА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци на РАДОШ ВУКИЌЕВИЌ.

3. СЕ ДАВА ОДОБРЕНИЕ Управниот одбор на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Кавадарци да може да го овласти членот и Претседателот на Управниот одбор СВЕТОЗАР ЈАНЕВСКИ да го застапува Друштвото без ограничувања како овластено лице заклучно до назначување на Генерален директор на Друштвото.

4. Се овластува Претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Кавадарци односно лице овластено од него да ги преземе сите дејствија за поднесување пријава за упис оваа Одлука во Централниот регистар на РМ.

5. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Образложение

На ден 29.05.2023 година, потпишана е Спогодба за раскинување на менаџерскиот договор со Генералниот директор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци Радош Вукиќевиќ. Согласно Спогодбата, утврден е датум за престанок на работниот однос заклучно со 30.05.2023 година. Согласно горенаведеното, Надзорниот одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци
НАДЗОРЕН ОДБОР

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

1. Зоран Мартиновски - Претседател

2. Тихомир Атанасовски – член

3. Борче Илиоски – член

4. Миле Бундовски – член

5. Христина Ружиновска – член